**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-291/14**
**01.11.2023год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/2020) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ПОВИК

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Урбан Блок 1.5 во Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Втора јавна презентација и јавна анкета за**
**Детален урбанистички план за Урбан блок 1.5, општина Гевгелија**

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 1.5, К.О. Гевгелија, општина Гевгелија изнесува **2,03 ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границата на планскиот опфат се движи по осовините на улица,, Маршал Тито,, на север, улица ,,Јосиф Јосифовски,, на југ, улица ,,Ѓорѓи Велков,, на исток и улица ,,Солунска,, на запад.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во малата сала на Народен театар во Гевгелија на ден 17.11.2023 година (петок) со почеток во 11.00 часот.**

Одлуката за организирање на втората јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласна табла во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија, на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk, во Службен Гласник на Општина Гевгелија.

Јавната анкета ке трае 10 работни дена и тоа **од 17.11.2023г. до 30.11.2023г.**
Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk